ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-5046/7
Дата, Data 15-07-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници *(„Сл.весник на РСМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,бр.11/18 и 14/20)*, Предлогот за вработување на кандидати бр.10-1147/7 од 10.07.2021 год. по Јавен оглас 241/2021, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

ОДЛУКА
за избор за вработување на административни службеници
по јавен оглас бр. 241/2021

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.241/2021 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

   - За работно место **Раководител на сектор за човечки ресурси со шифра КДР0102Б02006, ниво Б02**, 1 (еден) извршител се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код 700С060 и се избира **Нергис Муча.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидати и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Планот за изменување и дополнување на годишниот план за вработување за 2021 година бр.0302-2133/8 од 12.04.2021 година и позитивното мислење за истиот од страна на МИОА бр.09-1699/3 од 20.04.2021 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 04.06.2021 година објави јавен оглас бр. 241/2021 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1147/3 од 21.06.2021 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-1147/4 од 21.06.2021 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-1147/5 од 05.07.2021 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-1147/6 од 10.07.2021 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.241/2021 година со бр.10-1147/7 од 10.07.2021 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

Изготвил: Васил Караташев
Контрилирал: Дарко Доневски

Доставено до:
- Архива
- именуваниот
- Сектор Човечки ресурси
- Агенција за администрација

ЈП водовод и канализација Скопје
Директор,
М-р Душко Весковски